# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ОХРИД


| СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ОХРИД ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА | О Х Р И Д<br>12.07.2016 год.<br>БРОЈ 12 ГОДИНА 51 |
|---|---|


## С О Д Р Ж И Н А


| Реден број | Име на одлука | Страна |
|---|---|---|
| 1. | Одлука за усвојување на Елаборатот за проценка на штети од земјотрес настанати на подрачјето на општина Охрид на ден 21.05.2016 година | 2 |
| 2. | Одлука за утврдување на надоместок за поставување на инсталации во трупот на патот, патниот и заштитниот појас, прекумерно користење на патот и вонреден превоз | 12 |
| 3. | Одлука за усвојување на годишната Програма за поставување времени објекти во општина Охрид за 2016 година | 15 |
| 4. | Одлука за утврдување на цени за поставување времени објекти во општина Охрид | 24 |
| 5. | Одлука за измена и дополнување на Одлуката за усвојување на годишната Програма за поставување на урбана опрема во општина Охрид за 2016 година | 26 |
| 6. | Одлука за исправка на Одлуката за донесување детален урбанистички план за 6-та УЗ, дел од УБ 6.1 – опфат 1 Охрид, општина Охрид, плански период 2014 – 2019 | |


e-mail: sovet@ohrid.gov.mk

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ЕЛАБОРАТОТ ЗА ПРОЦЕНКА НА ШТЕТИ ОД ЗЕМЈОТРЕС НАСТАНАТИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ОХРИД НА ДЕН 21.05.2016 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Елаборатот за проценка на штети од земјотрес настанати на подрачјето на општина Охрид на ден 21.05.2016 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 11.07.2016 година.

**Број 09-10300/3** **ОПШТИНА ОХРИД**
**11.07.2016 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Д-р Никола Бакрачески, с.р.**

Врз основа на член 143 од Законот за заштита и спасување („Сл.весник на РМ“ бр.26/2004, 86/2008, 124/2010, 18/2011, 41/2014), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 11.07.2016 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ЕЛАБОРАТОТ ЗА ПРОЦЕНКА НА ШТЕТИ ОД ЗЕМЈОТРЕС НАСТАНАТИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ОХРИД НА ДЕН 21.05.2016 ГОДИНА**

**Член 1**

Се усвојува Елаборатот за проценка на штети од земјотрес настанати на подрачјето на општина Охрид на ден 21.05.2016 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-10300/3** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**11.07.2016 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска, с.р.**

# ЕЛАБОРАТ

***за проценка на штета од земјотрес***
***- во општина Охрид на ден 21 Мај 2016 година-***

***Општ дел***

На ден 21 Мај 2016 година на територијата на општина Охрид почуствувана е серија од земјотреси и тоа во 18 часот и 33 минути со интензитет од 4,5 степени според Рихтер и во 18 часот и 41 минута со интензитет од 4,9 степени според Рихтер, кои предизвикаа материјални штети на индивидуални куЌи, Штали и црква.

***Предмет на елаборатот***

Предмет на овој Елаборат е проценка на штетата настаната од земјотресот на 21 Мај 2016 година, извршена врз основа на 21 барања на граѓани со проценка на штета на секое лице (физичко, правно) барател, за оштетување на индивидуални куќи, штали и црква во катастарските општини на населените места во општина Охрид, Куратица, Опеница, Скребатно и Охрид, за кои е побарана проценка. Во елаборатот врз основа на поединечните проценки за секој оштетен или уништен објект, а во согласност со принципите од Единствената методологија за проценка на штети од елементарни и други непогоди се искажани збирните резултати за проценетата штета на градежни објекти, станбени згради, индивидуални куќи, штали и др.

Во Елаборатот е наведена причината, големината и последиците од штетата.

Елаборатот е изработен согласно Единствената методологија за проценка на штети од елементарни и други непогоди (Сл. Весник на РМ бр. 75/01)

Изготвувач на Елаборатот е Комисијата за проценки на штети и утврдување на висината на штетата настаната од природни непогоди и други несреќи при општина Охрид, формирана со Решение на Општина Охрид бр. 07 - 6709/26 од 18.07.2014 год.

Проценката и утврдување на висината на штетата од елементарната непогода Комисијата ја изврши врз основа на поднесените барања од оштетени субјекти ( физички лица и правни) во општина Охрид, со непосредно излегување на терен и директен увид во секое средство и благо во сопственост на граѓани и правни лица.

Применетите цени во проценката се согласно Единствената методологија утврдени врз основа на податоци од Државниот завод за статистика, месечни публикации-извештаи, од проценки на стручни овластени лица, судски проценители во делот на градежништвото.

***Вид, карактеристики и причина за штетите***

Причина за настанатите штети се:

Земјотрес (чл. 35 т.01 од Единствената методологија и чл. 2 ст.1 од измените и дополнувањата на Законот за заштита и спасување од 2008 год.), серија од земјотреси и тоа во 18 часот и 33 минути со интензитет од 4,5 степени според Рихтер и во 18 часот и 41 минута со интензитет од 4,9 степени според Рихтер, кои предизвикаа материјални штети на индивидуални куќи, штали и црква.

***РЕЗУЛТАТИ ОД ПРОЦЕНЕТИТЕ ШТЕТИ***

До Комисијата се поднесени 21 барање за проценка на индивидуални куќи, штали и црква за настанати штети и тоа:

- 21 барање за настанати штети на индивидуални куќи, штали и црква, со вкупна површина од 1103,10 м2 и 51,85 м1, и тоа во Охрид - 9 пријави со 533,45 м2 со оштетени индивидуални куќи , во населеното место Опеница со 6 пријави со 256,87 м2 со оштетени индивидуални куќи и штали, во населеното место Куратица со 5 пријава со 236,0 м2 и 33,15 м1 со оштетени индивидуални куќи и штали, во населеното место Скребатно со 1 пријава со 76,25 м2 и 15,7 м1 со оштетена црква.

Комисијата изврши увид на сите пријавени објекти за кои е побарано проценка и го процени износот на причинетата штета согласно принципите и Единствената методологија.

Износот на проценета штета предизвикана од елементарната непогода е:

*** за индивидуални куЌи и Шгали**

- 645.580,00 мкд, на средства во сопственост на граЃани

*** за оШгетена црква**

- 199.415,00 мкд. на средства на деловен субјект

**Вкупниот износ на проценетата Шгета изнесува 844.995,00 мкд.**

***КО Охрид***

За КО Охрид поднесени се 9 барања за проценка на штета на оШгетени, индивидуални куЌи и Шгали со површина од 533,45 m2 . Оценета е штета во износ од 338.385,00 мкд. кои средства во сопственост на граѓани.

***КО Куратица***

За КО Куратица поднесени се 5 пријави за проценка на штета на оШгетени индивидуални куЌи и Шгали на 236,53 m2 и 33,15 м1 површина. Оценета е вкупна штета во износ од 149.770,00 мкд., Шгета во сопственост на граѓани.

***КО Опеница***

За КО Опеница поднесени се 6 пријави за проценка на штета на оШгетени индивидуални куЌи и Шгали на 256,87 м2 површина. Оценета е вкупна штета во износ од 157.425,00 мкд., штета во сопственост на граѓани.

***КО Скребатно***

За КО Скребатно поднесена е 1 пријава за проценка на штета на црква на 76,25 m2 и 15,7 м1 површина. Оценета е вкупна штета во износ од 199.415,00 мкд., Шгета во сопственост на деловен субјект.

Збирот и резултатите на санација на оШгетените објекти во општина Охрид се искажани во посебни табеларни прегледи согласно Единствената методологија.

Во прилог се доставуваат и Табелите 1, 2, 3, 4, 5, 6 и 9 по видови на средства во деловни субјекти и поединечно.

Во ш -07 дадени се проценетите Шгети кај деловните субјекти.

Во Ш-08 дадени се просечните цени за проценка на штети обезбедени од ОпШгината, Подрачниот завод за статистика.

Со оглед на погореизнесеното а со цел за отстранување на последиците од Шгетите предизвикани од земјотресот предлагаме Владата на РМ да додели помоШ на барањата во износ од **844.995,00 денари .**

## Завршен дел

Овој Елаборат е усвоен од Советот на општина Охрид. Усвоениот елаборат од Советот на општината го доставуваме до:

1. Владата на Република Македонија - Комисијата за проценка на штети од елементарни непогоди
2. Државниот завод за статистика

Составен дел на Елаборатот се:

Табеларни прегледи:

Табела 1
Табела 2
Табела 3
Табела 4
Табела 5
Табела 6
Табела 9

Образец: Ш - 07
Ш - 08

Комисија за процена и утврдување на висината на Штетите од елементарна непогода

1. Радован Вељаноски, Дипл.Инг.агр.______
2. СаШо Котели, Дипл.град.инг. __________
3. Бистра Прентоска, Дипл.прав. _________
4. Томе Нанески, Дипл.град.инг. ________ ___
5. Илија Козомара, Геод.инжинер ________ __

Табела 1

**ЗБИРЕН ПРЕГЛЕД НА ШТЕТИТЕ ПО ВИДОВИ, СРЕДСТВА И СОПСТВЕНОСТ**

Територија : Охрид Р.М Причина за Штета и година :
Земјотрес, 21 Мај 2016 година

**Во ( 000 ден.)**

| | ВКУПНА ШТЕТА | | | НА СРЕДСТВАТА НА ДЕЛОВНИ СУБЈЕКТИ | | | НА СРЕДСТВАТА ВО СОПСТВЕНОСТ НА ГРАЃАНИ | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно | На оШтетени средства | На униШтени средства | Вкупно | На оШтетени средства | На униШтени средства | Вкупно | На оШтетени средства | На униШтени средства |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |
| ВКУПНО | 844 | 844 | | 199 | 199 | | 645 | 645 | - |
| ЗЕМЈИШТЕ | | | | | | | | | |
| ГРАД.ОБЈЕКТИ | 844 | 844 | | 199 | 199 | | 645 | 645 | |
| ОПРЕМА | | | | | | | | | |
| ОБРТНИ СРЕДСТВА | - | - | - | - | - | - | - | - | - |

Табела 2

**ПРЕГЛЕД НА ШТЕТИТЕ ПО ОБЛАСТ И ДЕЈНОСТИ**

Територија : Охрид Р.М Причина за Штета и година :

Земјотрес , 21 Мај 2016 год.

**Во ( 000 ден.)**

| | Број на единици | Вкупна Штета 4+5+6+7 | штети на средства | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | ОШтет | УниШ | ТроШ | Инд. Штета |
| **1** | **2** | **3** | **4** | **5** | **6** | **7** |
| **ВКУПНО** | **21** | **844** | **844** | | | |
| **Стоп.дејности** | | | | | | |
| **Индустр.и рударство** | | | | | | |
| **Земјод.и рибарство** | | | | | | |
| **шумарство** | | | | | | |
| **Водостопанство** | | | | | | |
| **ГрадежниШтво** | **21** | **844** | **844** | | | |
| **СообраЌи врски** | | | | | | |
| **Трговија** | | | | | | |
| **Угостит.и туризам** | | | | | | |
| **Занаетчиство** | | | | | | |
| **Стам-комун дејност** | | | | | | |
| **Вонстопан.дејности** | | | | | | |
| **Образ,наука и култ** | | | | | | |
| **Здрав и социј заШт.** | | | | | | |
| **Средства на АРМ** | | | | | | |

Табела 3

# ПРЕГЛЕД НА ШТЕТИ ПО ДЕЛОВНИ СУБЈЕКТИ

Територија: Охрид Р.М

Причина за штета и година:
Земјотрес , 21 Мај 2016 година

**Во(000)**

| Назив на организацијата заедницата и место | штети на средства | | | ТроШоци | Индир. Штети |
|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупна Штета (3+4+5+6) | ОШтет | УниШт | | |
| **1** | **2** | **3** | **4** | **5** | **6** |
| Здружение за обнова и развој на рурални подрачја „ Света Богородица 2015„ с.Скребатно Охрид | **199** | **199** | | | |
| | | | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |
| ***В К У П Н О*** | **199** | **199** | | | |

Табела 4

**ПРЕГЛЕД НА ш ТЕТИ ПО МЕСНИ ЗАЕДНИЦИ И ПО СОПСТВЕНОСТ**

Територија : Охрид Р.М Причина за Штета и година :
Земјотрес , 21 Мај 2016 год.

| НАЗИВ НА МЕСНАТА ЗАЕДНИЦА | ВКУПНА ш ТЕТА | | | НА ДЕЛОВНИ СУБЈЕКТИ | | | НА СРЕДСТВАТА ВО СОПСТВЕНОСТ НА ГРАѓ АНИ | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно | На оШтетени средства | На униШтени средства | Вкупно | На оШтетени средства | На униШтени средства | Вкупно | На оШтетени средства | На униШтени средства |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |
| Вкупно | 844 | 844 | - | 199 | 199 | - | 645 | 645 | |
| Куратица | 150 | 150 | - | - | - | - | 150 | 150 | - |
| Охрид | 338 | 338 | - | - | - | - | 338 | 338 | - |
| Опеница | 157 | 157 | - | - | - | - | 157 | 157 | - |
| Скребатно | 199 | 199 | - | 199 | 199 | - | - | - | - |

**Табела 5**

**ПРЕГЛЕД НА ш ТЕТИ ПО ВИДОВИ НА СРЕДСТВАТА ВО СОПСТВЕНОСТ НА ГРАѓ АНИ**

Територија: Охрид Р.М Причина за штета и година:
Земјотрес, 21 Мај 2016 година

| | ед. мера | КОЛИЧЕСТВО | | ИЗНОС НА ш ТЕТА | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | ОШтетена | УниШтена | На оШтетени средства | На униШтени средства | ВКУПНО (5+6) |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| ГРАДЕЖНИ ОБЈЕКТИ | | | | | | |
| ОБРТНИ СРЕДСТВА | | | | | | |
| Sидање на надворешен sид од камен | М2 | 50,10 | | | 35.070 | 35.070 |
| Малтерисување на тавани со АБРИБ | М2 | 274,00 | | | 191.800 | 191.800 |
| Малтерисување | | | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| на напукнати надворешни ѕидови | М2 | 291,67 | | | 145.835 | 145.835 |
| Малтерисување на напукнати внатрешни ѕидови | М2 | 410,18 | | | 205.090 | 205.090 |
| Ќерамиди | М2 | 99,00 | | | 99.000 | 99.000 |
| Фрескоживопис на внатрешни ѕидови во црква | М2 | 27,00 | | | 162.000 | 162.000 |
| Набавка и вградување на плочки | М3 | 1,00 | | | 600 | 600 |
| Изработка на оџак | М2 | 3,00 | | | 3.600 | 3.600 |
| Бојлер 50 литри | Бр. | 1 | | | 2.000 | 2.000 |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| **ВКУПНО** | | **1.154,95** | | | **844.995** | **844.995** |

Табела 6

**ЗГРАДИ, СТАНОВИ,ДЕЛОВЕН ПРОСТОР,ДОМАЌИНСТВА И ЛИЦА ВО ОШТЕТЕНИ И УНИШТЕНИ СТАНОВИ**

Територија: Охрид Р.М Причини за Штета и година
Земјотрес, 21 Мај 2016 година

| | Вкупно станбени згради | Вкупно станови | | Оштетени станови | | Површина на дел. Простор во m2 | Во сите станови | | Во оштетени станови | | Износ на Штетата во илј. ден. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Број | Илјада m2 | Број | Илјада m2 | | Бр. на домаќ | Бр. на лица | Бр. на домаќ | Бр. на лица | |

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно | 21 | 21 | 1103 | **21** | 1103 | | **21** | | | | 844 |
| Оштетени згради | | | | | | | | | | | |
| 1.категорија | | | | | | | | | | | |
| 2.категорија | | | | | | | | | | | |
| 3.категорија | | | | | | | | | | | |
| 4.категорија | | | | | | | | | | | |
| 5.категорија | | | | | | | | | | | |
| уништени згради | | | | | | | | | | | |
| ВКУПНО | | | | | | | | | | | |
| ВО СОПСТВЕН. НА ГРАЃАНИ ВКУПНО | 21 | 21 | 1103 | 21 | 1103 | | 21 | | | | **844** |
| Оштетени згради | | | | | | | | | | | |
| 1.категорија | | | | | | | | | | | |
| 2.категорија | | | | | | | | | | | |
| 3.категорија | | | | | | | | | | | |
| 4.категорија | | | | | | | | | | | |
| 5.категорија | | | | | | | | | | | |
| уништени згради | | | | | | | | | | | |

Табела 9

**ПРЕГЛЕД НА шТЕТИ ТЕ НА НЕОСИГУРЕНИ СРЕДСТВА И БЛАГА, ПО ВИДОВИ И ГРУПИ НА СРЕДСТВА ВО СОПСТВЕНОСТ НА ГРАѓАНИ**

Територија : Охрид Р.М Причина за Штета и година : Земјотрес , 21 Мај 2016 год.

| | ВКУПНА шТЕТА | шТЕТА НА СРЕДСТВА ВО СОПСТВЕНОСТ НА ДЕЛОВНИ СУБЈЕКТИ | шТЕТА НА СРЕДСТВА ВО СОПСТВЕНОСТ НА ГРАѓАНИ |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| ВКУПНО | 844.995 | 199.415 | 645.580 |
| ОБРТНИ СРЕДСТВА | | | |
| Ѕидање на надворешен ѕид од камен | 35.070 | 19.040 | 16.030 |
| Малтерисување на тавани со АБРИБ | 191.800 | | 191.800 |
| Малтерисување на напукнати надворешни ѕидови | 145.835 | | 145.835 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Малтерисување на напукнати внатрешни ѕидови | 205.090 | 18.375 | 186.715 |
| Ќерамиди | 99.000 | - | 99.000 |
| Фрескоживопис на внатрешни ѕидови во црква | 162.000 | 162.000 | - |
| Набавка и вградување на плочки | 600 | | 600 |
| Изработка на оџак | 3.600 | | 3.600 |
| Бојлер 50 литри | 2.000 | | 2.000 |
| ГРАДЕЖНИ ОБЈЕКТИ | - | - | - |

## Образец Ш -07

### *ПРЕГЛЕД НА ПРОЦЕНЕТИ ШТЕТИ ВО ДЕЛОВНИ СУБЈЕКТИ*

*Податоци за претпријатието за кое се врши процена*

*А) Назив на деловниот субјект*

**Здружение за обнова и развој на рурални подрачја**
**„ Света Богородица 2015„ с.Скребатно Охрид**

**ВО (000)**

| | **Вкупно проценета Штета** | **ш тета** | |
|---|---|---|---|
| | | **На оШтетени средства** | **На униШтени средства** |
| **1** | **2** | **3** | **4** |
| ***ВКУПНО*** | **199** | **199** | |
| **ЗемјиШте** | | | |
| **Градежни објекти** | | | |
| **Опрема** | | | |
| **ДолгогодиШни насади** | | | |
| **ш уми и дивеч** | | | |
| **Добиточен фонд и живина** | | | |
| **Обртни средства** | **199** | **199** | |
| **Културни блага** | | | |
| **Други средства** | | | |
| **Индиректни Штети** | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **ЕдногодиШни насади** | | | |

**ПРОЦЕНА НА шТЕТИ** **Образец: ш -08**
**Од ___ОпШтина Охрид ___**

| ш | 0 | 8 |
|---|---|---|

**Ред.бр. на образецот**

**ПРОСЕЧНИ ЦЕНИ ЗА ПРОЦЕНА НА шТЕТИТЕ**

**Комисија која ги обезбедила цените ________________________________**

| **Ред.бр.** | **Назив на позицијата на работата, материјалот и др.** | **Единица на мера** | **Просечна цена во денари** |
|---|---|---|---|
| **1** | **2** | **3** | **4** |
| 1. | Ѕидање на надов. ѕид од камен | м2 | 700 |
| 2. | Малтерисување на тавани со Абриб | м2 | 700 |
| 3. | Малтерисување на напукнати надворешни ѕидови | м2 | 500 |
| 4. | Малтерисување на напукнати внатрешни ѕидови | м2 | 500<br>800 |
| 5. | Ќерамиди | м2 | 1.000 |
| 6. | Фрескоживопис на внатрешни ѕидови во црква | м2 | 6.000 |
| 7. | Изработка на оџак | м1 | 1.500 |
| 8. | Набавка и вградување на ѕидни плочки | м3 | 600 |
| 9. | Бојлер 50 литри | бр. | 2.000 |

__________________ 2016 година
О х р и д

Комисија за процена и утврдување на висината на Штетите од елементарна непогода

1.Радован Вељаноски, Дипл.Инг.агр._______
2.СаШо Котели, Дипл.град.инг. ____________
3.Бистра Прентоска, Дипл.прав. ___________
4.Томе Нанески, Дипл.град.инг. _____________
5.Илија Козомара, Геод.инжинер ____________

**Р ЕК А П И Т У Л А Ц И Ј А**
**на пресметаните Штети од земјотресот**

**1. Индивидуални куЌи, Штали и црква**

**- сопственост на граЃани - 645.580,00**
**- сопственост на дел.субјект - 199.415,00**

**Се ВКУПНО: 844.995,00**

---

**Број 08-10300/3-1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**11.07.2016 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАДОМЕСТОК ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА ИНСТАЛАЦИИ ВО ТРУПОТ НА ПАТОТ, ПАТНИОТ И ЗАШТИТНИОТ ПОЈАС, ПРЕКУМЕРНО КОРИСТЕЊЕ НА ПАТОТ И ВОНРЕДЕН ПРЕВОЗ**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за утврдување на надоместок за поставување на инсталации во трупот на патот, патниот и заштитниот појас, прекумерно користење на патот и вонреден превоз, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 11.07.2016 година.

**Број 09-10300/4** **ОПШТИНА ОХРИД**
**11.07.2016 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Д-р Никола Бакрачески, с.р.**

Врз основа на член 55 и 62 од Законот за јавните патишта („Сл.весник на РМ“ бр.84/08...71/16), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 11.07.2016 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАДОМЕСТОК ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА ИНСТАЛАЦИИ ВО ТРУПОТ НА ПАТОТ, ПАТНИОТ И ЗАШТИТНИОТ ПОЈАС, ПРЕКУМЕРНО КОРИСТЕЊЕ НА ПАТОТ И ВОНРЕДЕН ПРЕВОЗ**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува висината на надоместокот за поставување на инсталации во трупот на патот, патниот и заштитниот појас, за прекумерно користење на пат и за вонреден превоз.

**надоместок за поставување на инсталации во трупот на патот, патниот и заштитниот појас**

**Член 2**

Висината на надоместокот за поставување на телефонски, телеграфски, електрични, кабловски и други инсталации во трупот на патот, патниот и заштитниот појас (пешачки патеки, тротоари и банкини) изнесува:
- 20% од вредноста на градежно земјените работи согласно проектната документација за должина до 500 метри должни;
- 15% од вредноста на градежно земјените работи согласно проектната документација за должина до 1000 метри должни;
- 12% од вредноста на градежно земјените работи согласно проектната документација за должина над 1000 метри должни.

Висината на надоместокот за поставување инсталации во трупот на патот, патниот и заштитниот појас, за поставување на комунална инфраструктура (водовод, фекална и атмосферска канализација), изнесува 15% од вредноста на техничкото решение.

Висината на надоместокот за поставување на инсталации во трупот на патот со премин со дупчење изнесува 6.000,00 денари.

Општината може да го одбие барањето за поставување на инсталации ако со нивното поставување би се оштетил патот или биде загразена безбедноста на сообраќајот.

Општината може да побара од сопственикот на инсталациите да ги премести или заштити инсталациите и уредите кога е тоа потребно заради одржување или реконструкција на јавниот пат. Трошоците за потребните преместувања на инсталациите ги сноси инвеститорот, додека трошоците за заштита на инсталациите ги сноси сопственикот на инсталациите.

По завршување на градежните работи инвеститорот е должен прекопот и оштетените јавни површини да ги доведе во првобитна состојба и да даде гаранција од 2 години по предавање на објектот во употреба.

**надоместок за прекумерно користење на пат**

**Член 3**

За прекумерно користење на јавен пат или дел од него се плаќа надоместок кој се утврдува врз основа на просечниот годишен дневен сообраќај на товарни возила со носивост поголема од 10 тона, утврден со најмалку четирикратно броење на сообраќајот на соодветниот пат.

Надоместокот изнесува 600,00 денари по возило, за секое возило дневно над просекот.

**надоместок за вонреден превоз**

**Член 4**

Висината на надоместокот за вонреден превоз се утврдува во зависност од пречекорувањето на дозволените димензии на возилото: должина, ширина и висина.

Ако возило, приклучно возило и збир на возила, празно или заедно со товар, ја пречекорува дозволената должина, се плаќа 300,00 ден. по/км.

Ако возило, приклучно возило и збир на возила, празно или заедно со товар, ја пречекорува дозволената ширина, се плаќа 300,00 ден. по/км.

Ако возило, приклучно возило и збир на возила, празно или заедно со товар, ја пречекорува дозволената висина, се плаќа 300,00 ден. по/км.

**Член 5**

За користење на улиците во централното градско подрачје на туристичките автобуси (движење, слегување или качување патници) се плаќа надоместок од 600,00 денари по возило дневно.

Улиците опфатени за плаќање надоместок се наоѓаат во подрачјето опфатено со улиците: ул.„Бул.Македонски Просветители“, кружен тек кај плоштад „Св.Климент Охридски“ и „Кеј Македонија“.

Движењето на туристичките автобуси ќе се одвива со претходно обезбедено одобрение од Секторот за комунални дејности, сообраќај и улици и известување на сообракајната полиција.

**Член 6**

Со влегувањето во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за утврдување на висината на надоместокот за поставување на инсталации во трупот на патот, патниот и заштитниот појас бр.07-8141/14 од 25.12.2013 година и Одлуката за дополнување на Одлуката за утврдување на висината на надоместокот за поставување на инсталации во трупот на патот, патниот и заштитниот појас бр.07-1665/31 од 13.11.2014 година.

**Член 7**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-10300/4** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**11.07.2016 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА ПОСТАВУВАЊЕ ВРЕМЕНИ ОБЈЕКТИ ВО ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2016 ГОДИНА

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Годишната Програма за поставување времени објекти во општина Охрид за 2016 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 11.07.2016 година.

**Број 09-10300/5** **ОПШТИНА ОХРИД**
**11.07.2016 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Д-р Никола Бакрачески, с.р.**

Врз основа на член 79 од Законот за градење („Сл.весник на РМ“ бр.130/09.....187/14), член 22 став 1 точка 1 и член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 6 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 11.07.2016 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА ПОСТАВУВАЊЕ ВРЕМЕНИ ОБЈЕКТИ ВО ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2016 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Годишната Програма за поставување времени објекти во општина Охрид за 2016 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-10300/5** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**11.07.2016 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска, с.р.**

**ПРОГРАМА ЗА ПОСТАВУВАЊЕ**
**ВРЕМЕНИ ОБЈЕКТИ ВО ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2016 ГОДИНА**

***ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ***

**ИЗРАБОТУВАЧ :** **“БАЛАБАН И ПАРТНЕРИ“ ДООЕЛ Охрид**
управител: Љупчо Ковачески

**планер:** Лилјана Јоноска, дипл.инж.арх.
планер, овластување бр. 0.0233

**НАРАЧАТЕЛ:** **ОПшТИНА ОХРИД**
**ОПФАТЕН ПРОСТОР:** **Граници на ГУП Охрид**
**ПЕРИОД:** **за 2016 година**
**ДАТУМ:** **Февруари 2016**

***2. ОПшТИ УСЛОВИ***

ГодиШната програма за поставување времени објекти во опШтина Охрид за 2016 година се изработува во согласност со:
-член 2, став 3 од Законот за градење (Сл.весник на РМ бр.130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 70/13 , 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14 ,187/14, 44/15 и 129/15)
- Упатството за начинот на изготвување на годиШната програма и микролокациските услови за поставување времени објекти (Сл.весник на РМ бр.36/10).
Согласно законските одредби, времен објект е монтажно-демонтажен или типски објект кој се поставува на градежно неизградено земјиШте, заради

привремена употреба на просторот, до реализација на урбанистичкиот план за градежното земјиШте на кое е поставен времениот објект. Времен објект се поставува заради врШење на:
-сообраЌајни дејности (привремени паркинзи и приодни патеки)
-продажба на храна
-туристички, културни, спортско-рекреативни и забавни дејности (платформи за спортски , културни, туристички и забавни настани, придружни објекти во функција на спортски настани и летни дискотеки) и
-објекти кои се во функција на гранични премини.
Во оваа програма се прикажани постоечките времени објекти за кои се издадени РеШенија за отстранување и времените објекти кои се планира да се постават.
Постоечката состојба ги прикажува времените објекти со нивната поврШина и намена како Што се евидентирани при изработката на програмата (се уШте не е постапено по РеШенијата за отстранување).

Со планираната состојба се предвидуваат локации за нови времени објекти. Намената на сите времени објекти кои се планирани Ќе биде продажба храна . Времените објекти кои Ќе бидат со **намена продажба храна** не смее да ја загадуваат околината, односно да не се изведуваат оџаци и сл. Конкретната намена за секој поединечен времен објект Ќе се дефинира и при склучувањето договор со опШтина Охрид, во согласност со реалните потреби на потенцијалните закупувачи.

Сите времени објекти опфатени со програмата се предвидува да бидат поставени со примена на градежни материјали кои овозможуваат **монтажа и демонтажа,** без употреба на лиено бетонски и армиранобетонски конструктивни елементи и платформи, односно од градежни материјали кои не ја загрозуваат животната средина и при реализација на урбанистичкиот план лесно може да се отстранат.

За новопредвидените времени објекти се предвидуваат различни поврШини, дефинирани во табелите и графичките прилози.

Со поставеноста на предвидените времени објекти не се наруШува урбанистичката концепција и параметрите за непречено безбедно движење од сите корисници, особено по однос на минималните димензии на пеШачки поврШини-тротоари, заради непречено користење на околните објекти и простори за јавна намена, како и од лицата со посебни потреби и сл.
Времените објекти се предвидуваат само како приземни, со **максимална висина на венец до 3,5 м** и висина на слеме добиена со минимален нагиб според видот на употребениот кровен покривач, само како заШтита на објектот, (да се тежнее кон примена на ниско слеме), со **кота на приземјето** во однос на теренот не повисока од 15 см.
При утврдување на просторот за поставување на времените објекти внимавано е да **не се наруШи урбанистичката концепција** и параметрите за непречено безбедно движење од сите корисници, согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање, особено по однос на минималните димензии на пеШачки поврШини-тротоари, заради непречено користење на околните објекти и простори за јавна намена, како и од лицата со посебни потреби и сл.

Предвидените времени објекти со намена продажба храна можат да се предвидат од дрвени, челични, лимени, пластични материјали или комбинација од истите, со можно дополнување со платно, коноп и слични материјали. Да се примени современо архитектонско обликување и репрезентативност на времените објекти соодветно на намената. При примена на боите да се преферираат белата и сината боја.
Оваа програма подлежи на дополнување согласно потребите на опШтина Охрид која прави проучување за можни нови локации за поставување времени објекти.

### *3. ПОСЕБНИ УСЛОВИ*

Посебните услови се однесуваат на секој времен објект посебно. Во табеларните прегледи, соодветно за секоја локација-групација на времени објекти, се наведени:
-катастарската парцела на која се наоЃа времениот објект
-постоечки времени објекти за кои е добиено РеШение за отстранување
-планирани времени објекти
-површината која ја зафаЌа времениот објект
-намената
Сите времени објекти се предвидуваат како приземни, со максимална висина на венец до 3,5 м и висина на слеме добиена со минимален нагиб според видот на употребениот кровен покривач, само како заШтита на објектот.
Котата на приземје во однос на теренот да не биде повисока од 15 см.
За секоја локација-групација на времени објекти дадено е и образложение на можноста за поставување времени објекти.

**ЛОКАЦИЈА 1**
*Постоечка состојба:*
На КП бр.5610/3 постои 1 времен објект кој се задржува.
*Планирани времени објекти*: Локацијата се наоЃа во опфат на ГУП на простор со намена Д2-заШтитно зеленило. Со Програмата се планира проШирување на постоечкиот времен објект на КП бр.5610/3 (која е во сопственост на РМ) и негово обликовно и естетско фасадно усогласување со предвидените опШти услови од оваа Програма. Со ГУП-от не се утврдени конкретни градежни парцели, односно начин на уредување на јавното зеленило со патеки, клупи и сл., ниту постојат одредби за реализација.
Од ОпШтина Охрид, Сектор за комунални дејности, сообраЌај и улици е доставено Известување до Сектор за урбанизам и управување со градежно земјиШте дека Паркот во комплексот “Билјанини извори“ не е предвиден за реализација со развојната програма 2015-2017. Исто така, доставено е Известување од ЈП Охридски Комуналец до Сектор за комунален развој, улици и сообраЌај дека конкретниот простор не е завршен и уреден, и не е опфатен со Програмата за обновување и реконструкција на зелен појас во комплексот “Билјанини извори“ за 2015 и 2016 год.
